**Димитар Богов**

# Економски раст: Кој е поумешен?

Растот на бруто домашниот производ популарно наречен економски раст заедно со инфлацијата се основни индикатори за успешноста на некоја економска политика. Во позадината на овие два економски индикатори се наоѓа еден исклучително комплексен и тежок процес на координирање на макроекономските политики, односно монетарната политика, фискалната политика, политиката на доходите, структурните реформи, индустриската политика итн. Координирањето на макроекономските политики може да резултира со неколку комбинации од економски раст и инфлација: висок раст ниска инфлација, висок раст висока инфлација, низок раст ниска инфлација, низок раст висока инфлација. Основниот проблем во координирањето на макроекономските политики е да се најде идеална комбинација на политики која ќе постигне повисок економски раст а ќе ја држи инфлацијата под контрола. Владата која ќе го постигне тоа е успешна влада и може да се надева на продолжување на довербата од избирачите.

Економскиот раст значи: намалување на невработеноста, зголемување на продуктивноста, раст на расположивиот доход на населението, поголема понуда на стоки и услуги, поголема потрошувачка на стоки и услуги, повеќе прибрани даноци, поквалитетни државни услуги, подобра инфраструктура. Со еден збор, повисок животен стандард на населението, а тоа е основниот предуслов за задоволни граѓани. Токму затоа, секоја влада во светот е животно заинтересирана за постигнување на висок економски раст во својата земја.

Според економските модели, економскиот раст е определен од три фактори: капиталот, работната сила и технолошкиот прогрес. Во денешната глобална економија единствено од умешноста на владите зависи дали и како ќе ги обезбедат факторите на растот во своите економии. Поголема умешност значи и поголем раст. Па, колку беа умешни досегашните три македонски политички влади во постигнувањето на економски раст? Во обидот да дадеме одговор на ова прашање ќе направиме споредба со оние најслични на нас, со кои сакаме да се натпреваруваме, Земјите кандидати за членство во ЕУ. Во оваа група се 13 земји од кои Турција, Малта и Кипар се со поинаков ‘background” поради што малку ги занемаривме во нашата споредба.

Во осумгодишниот период 1993-2000, Земјите кандидати за членство остварија просечен годишен раст од 3.4%, наспроти Македонија со просечен раст од 0.5%. Полска со 5.3%, Словачка и Словенија со 4.2% и Унгарија со 3% просечен годишен раст на БДП се најуспешните земји во оваа група. Интересно е што Полска и Словенија се единствените економии што во секоја година од набљудуваниот период имале позитивен раст, а Словачка после падот на БДП во 1993 година, потоа остварува високи стапки на економски раст. Полска, Словенија, Чехословачка и Унгарија први влегоа во

транзицијата, а иницијалниот шок го пребродеа уште во периодот 1989-1992 година. Тие брзо извршија преструктуирање на економијата и оттогаш со високи стапки на економски раст брзо се приближуваат кон најнеразвиените земји членки на ЕУ. Единствен исклучок е Чешка која заведена од почетниот брз успех и големиот прилив на странски директни инвестиции, пропушти да ја преструктуира својата економија што резултираше со тригодишно назадување во периодот 1997-1999 година.

Македонија со просечен годишен раст на БДП од 0.5% колку што има и Романија, единствено е подобра од Литванија со -1.1% и Бугарија со -0.4%. За трите балтички економии е карактеристично дека транзицијата започна најдоцна, а транзициониот шок беше најсилен во Литванија, која дури во 1995 година навлезе во помирни води. Навлегувањето на корупцијата во сите пори на општеството и одбегнувањето на економските реформи беа причина за долотрајната стагнација на бугарската и романската економија. Првата, по колапсот што го доживеа во 1996 и 1997 година кога доживеа пад од 17%, конечно започна да го следи патот на понапредните Земји кандидати, додека Романија сеуште се наоѓа во сериозни економски проблеми без изгледи за позначаен раст.

Најсилниот удар од транзицијата Македонија го почувствува во периодот 1991-1993 година по што навлезе во четиригодишен период на стагнација. Првата политичка влада која делуваше во периодот 1993-1994 оствари просечен годишен пад на БДП од -4.7%. Основна причина за лошиот резултат беше високиот пад во 1993 година кога земјата сеуште го преживуваше вообичаениот првичен транзициски удар. Во вториот мандат на истата влада (1995-1998), македонската економија бележеше просечен годишен пораст на БДП од 1.2%, што е далеку помалку од просечниот економски раст на Земјите кандидати од 4.6%, а е подобар резултат единствено од Бугарија (-2.9%) и Романија (-0.1%). Доколку во првиот мандат објективно не беше можно да се постигне подобар резултат, во вториот мандат резултатот е правопропорционален со умешноста на владата. Приватизацијата доминирана од инсајдери не беше во состојба да донесе преструктуирање на претпријатијата и да генерира економски раст. Напротив, инсајдерските приватизациони битки присутни во најголем дел од претпријатијата беа основната причина за отсуство на инвестиции и економски раст. За време на третата политичка влада, во периодот 1999-2001 година, најверојатно ќе биде остварен просечен економски раст од 1.5%. Притоа, во првите две години под влијание на високата екстерна побарувачка и големиот раст на услужниот сектор, остварен е највисокиот годишен раст во последните 15 години од 4.3%. Наспроти тоа, во 2001 година поради безбедносната криза се очекува пад на БДП од 4%. Иако, сеуште не се расположиви проценките за економскиот раст во 2001 година за повеќето Земји кандидати, најверојатно Македонија повторно ќе биде на нивото од најнеуспешните Земји кандидати.

Искуството од Земјите кандидати, потврдува дека основната причина поради која економиите се повеќе успешни или помалку успешни во генерирањето економски раст е умешноста на владата во преструктуирањето на економијата. Објективните околности кои ја придружуваат земјата како што се окружувањето, меѓународните односи и безбедносните услови имаат ограничено и само времено влијание.




